Референтен број: 0503-229

**ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ**

**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА (ToR)**

**НОВИНАРСКО ПРАКТИКАНТСТВО ВО ЛОКАЛНИ МЕДИУМИ**

**АНГАЖИРАЊЕ НА МЛАДИ НОВИНАРИ-ПОЧЕТНИЦИ**

## 1. ВОВЕД

Проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“ се спроведува во рамки на IPA 2020 EU FOR RULE OF LAW - EU support for Enhancing Journalists Rights”, а е финансиран од Европска Комисија.

**Општата цел** на проектот е зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми.

**Резултати на проектот:**

**Р1:** Зајакнување на капацитетите на локалните новинари, посебно претставниците на етничките малцинства за практикување на истражувачко новинарство, дигитална и медиумска писменост, како и стандардите на човековите права во нивната работа;

**Р2:** Зајакнување на капацитетите на студентите по новинарство за професионален развој и креативно медиумско изразување преку практикантска работа;

**Р3:** Зајакнување на влијанието и соработката помеѓу локалните граѓански организации и локалните медиуми за промоција на новинарските права, поттикнување на борбата против сите форми на насилство врз новинарите, промоција на професионалните стандарди и слободата на говорот.

**Целна група:** Локални медиуми од проектните општини, сопственици, уредници, новинари и медиумски работници, граѓански организации и студенти по новинарство. Проектниот фокус опфаќа географска покриеност на западниот регион на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги општините Гостивар, Тетово, Куманово, Шуто Оризари, Дебар, Кичево, Струга и Охрид.

## 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

### 2.1. Цел на задачата:

Денес во развиените земји во светот, преку сè подостапни обуки од страна на медиумските институции, преку програми за млади во локалните редакции и преку училишни весници, подкасти и други дигитални платформи, младите се вклучени во производство на квалитетно новинарство на начин кој станува се повидливо и се смета за витално за опстанокот на заедниците. Во последната деценија, но особено во последните три години, многу од клучните стратегии на владините и донаторски програми го ставија младинското новинарство високо на листата на приоритети.

Но, тоа не е случај со Република Северна Македонија. Во нашиот образовен систем недостига практично спроведување на новинарската професија, особено на студиите за новинарство. Младите немаат доволно пракса во медиумите, а најмногу се фокусираат на учење само на теоретскиот дел и дипломираат без никакво искуство.

Токму затоа, Центар за развој на заедниците на медиумите МЕДИУМ, објавува повик ангажирање на млади/студенти во три-месечна практикантска програма која вклучува практична работа во професионални локални медиуми.

### 2.2. Активности за исполнување на задачите:

Од секое младо лице, вклучено во три-месечна практикантска програма и ангажирано како практикант/ка во одреден локален медиум се очекува:

- Одржување на редовна комуникација и состаноци со одредениот ментор и пополнување на работно досие (дневник на учење);

- Продукција на една новинарска сторија (анализа, мултимедијален напис, интервју, колумна, репортажа, подкаст...) во зависност од преференциите на практикантот и локалниот медиум.

### 2.3. Специфични активности

Избраните кандидати ќе имаат можност да учествуваат во креирањето на новинарски содржини и да работат со свој ментор задолжен за помош и едукација при стекнување на

практична работа на теми поврзани со истражувачката работа, етиката во новинарството, новите трендови во новинарството, итн.

Тие ќе станат членови со одредено работно време во локалниот медиум и ќе бидат финансиски поддржани во период од три месеци. Индивидуално, или во мали тимови, овие новинари-практиканти ќе имаат можност ќе научат како да изнесуваат идеи и да избираат релевантен агол за новинарска приказна, ќе научат како да покриваат дневни настани и да вршат различни видови интервјуа, да добиват информации од службени гласила и известување, да комуницираат со јавни институции, да направат анализа на добиени информации, да работат на терен, да прават пренос во живо, да пишуваат анализи, колумни и многу други новинарски жанрови.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 3.1. Датум на започнување и период на спроведување на специфичните активности

- Планиран период за ангажман на 15 (петнаесет) млади практиканти е вкупно 3 месеци, во периодот март – мај, 2024 година.

### 3.2. Цена

Вкупните планирани финансиски средства за поддршка на практикантската програма за новинари според финансискиот план за ангажман на млади новинари-почетници изнесуваат 6.750 евра во денарска противвредност (15 практиканти x 3 месеци ангажман x 150 ЕУР месечно = 6.750 ЕУР распределени меѓу практикантите).

Трошоците паѓаат на сметка на проектот **„**Заедно за поквалитетно локално новинарство**“**.

### 3.3. Начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено на месечно ниво, по реализација на планираните активности и по доставување на временска рамка за извршување на задачите.

## 4. УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Право за пријавување и аплицирање на овој повик имаат сите заинтересирани студенти по новинарство, студенти на општествени науки и млади новинари – почетници кои имаат

желба и мотив да бидат дел од новинарски локален тим и да работат на новинарски задачи во професионални локални медиуми (конкретно од проектните општини Гостивар, Тетово, Куманово, Шуто Оризари, Дебар, Кичево, Струга и Охрид).

**4.1. Услови за пријавување**

Заинтересираните кандидати се пријавуваат индивидуално преку пополнување на образец за пријава на студенти – практикантство во локален медиум, достапен на линкот подолу.

**Линк за пријава <- тука**

*Дополнително избраните кандидати ќе бидат контактирани и ќе им биде побарано да достават и своја професионална биографија.

**5. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Начинот на кој можете да се пријавите детално е опишан во документот „Насоки за пријава“, кој е составен дел од тендерската документација.